# ПОДАРЕНИ ДЕЛА ОД УНГАРИЈА

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

# ПОДАРЕНИ ДЕЛА ОД УНГАРИЈА

СКОПЈЕ 5-I-12-I-1967 ГОДИНА

Скромната збирка на унгарските уметници не може да даде слика за целокупната вредност на унгарската уметност ниту пак за сите уметнички тенденции и превривања појавени во неа.

И покрај тоа што во оваа збирка се застапени и познати творци од областа на уметноста — имиња кои се појавуваат и на некои интернационални ликовни манифестации како на пример Биеналето во Венеција и во Париз (Gyula Feledi и Zoltan Szabo), овој број е премал за да даде адекватна слика на целокупната уметничка активност во Унгарија како и на креативните можности на унгарските ликовни уметници.

Како кај нас, а и во редица други социјалистички земји народното творештво и константното негување на народната традиција се главните инспираторски извори на овие уметници. Унгарскиот уметник користејќи го народниот елемент, трансформирајќи го и негувајќи го постојано, обземен истовремено и од социјалниот момент, не останува упорно затворен и за новите уметнички тенденции. Но, една традиционална карактеристика за целокупноста на унгарската ликовна уметност е реалистичката тенденција (изложените дела се претежно создадени во тој дух). Најразновидните модерни истражувања не ѝ се, се разбира, како што одбележав непознати на унгарската ликовна клима и природно е што тие извршуваат извесно влијание на унгарските уметници. Здружувајќи ги националните традиции тие работат на тоа да створат нови форми со кои ги изразуваат на сугестивен начин барањата на новиот социјален систем.

Истакнатите унгарски уметници го претставуваат со искреност и длабоко убедување животот на работниците и на селаните. Повеќе од нив живееја во условите што ги презентираат на своите платна, но тие не сакаа да створат изолирана

и провинциска уметност. Тие ја усовршија својата форма на експресијата со дистингвирано познавање на универзалната еволуција на уметноста; а нивните посебни и карактеристични творби содржат драматичен акцент сугериран од самото сиже. Унгарските уметници тежнеат кон едноставност и концизност. Убедливиот пример на претходниците, како и развитокот на нивната уметничка концепција, ја чинат базата на новите унгарски уметнички тенденции.

Големите предвесници на современата унгарска уметност, чија активност многу малку е позната во странство, одсекогаш биле органски поврзани со уметничките правци на нивното време, но малку меѓу нив се следбеници на најмодерните струења во современата уметност. Од друга страна, младите уметници сакаат да создадат една разбирлива и достапна уметност. Нивната тенденција кореспондира на еден спонтан и хармоничен начин со интенциите на социјалистичкото општество кон уметниците и уметноста воопшто.

*

Се надеваме дека во иднина во областа на уметноста контактите меѓу нашите две земји ќе се предлабочат и дека ќе можеме почесто и поцелосно да се запознаеме со унгарското творештво. Овој е првиот чекор кој несомнено води кон многу други.

Задоволство ни е што можеме на овој начин да ја изразиме нашата длабока благодарност кон сите унгарски уметници — дарители, изразувајќи желба за една посолидна, поплодна и поцелосна заемна соработка.

AUREL BERNÀTH (Аурел Бернат)

Роден 1895 во Марцали. Студирал на Академијата во Будимпешта и Берлин.

FERENC CZINKE (Ференц Цинке)

Роден 1926 во Nagyrosvagy. Студирал на Академијата за ликовни уметности во Будемпешта.

CABA FEJER (Чаба Фејер)

Роден 1936 во Карцаг. Академија за индустриска уметност завршил 1960.

GYULA FELEDY (Џула Феледи)

Роден 1928 во Sajoszentpeter. Студирал на Високата школа за ликовни уметности во Будимпешта, а потоа во Краков.

ENDRE FENYÒ (Ендре Фење)

Роден 1904 во Баја. Академија за ликовни уметности завршил во Будимпешта.

MARGIT GRÀBER (Маргит Грабер)

Родена 1895 во Будимпешта. Академија за ликовни уметности завршила во Будимпешта.

LAJOS KÀNTOR (Лајош Кантор)

Роден 1922 во Vajadàcska. Академија за ликовни уметности завршил во Будемпешта.

SIMON SARKANTYU (Симон Шарканчу)

Роден 1921 во Pincehely. Студирал три години на Академијата за ликовни уметности во Будимпешта, а потоа продолжил приватно.

MICLÒS SOMOS (Миклош Шомош)

Роден 1933 во Miskolc Академија за ликовни уметности завршил во Будимпешта.

ZOLTAN SZABÒ (Золтан Сабо)

Роден 1929 во Будимпешта. Академија за ликовни уметности завршил во Будимпешта.

ILONA TALLÒS (Илона Талош)

Родена 1922 во Гомбос (Богојево). Академија за ликовни уметности завршила во Будимпешта.

ERZÉBAT UDVARDI (Ержебет Удварди)

Родена во Баја 1929. Академија за ликовни уметности завршила во Будимпешта.

EMIL VEN (Емил Вен)

Роден 1902 во Фиуме (Италија). Студирал на Школата за ликовни уметности во Будимпешта.



6. Margit Graber —
Девојка што чита



13. Emil Vén — Жена во зелена облека



10. Szabó Zoltan — Жена со послужавник



13. Udvardi Erzsébet — Врзува на винова лоза



1. Czinke Ferenc --
Класификација на јаглен



9. Somos Miklòs — Утоварување на јаглен

## КАТАЛОГ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | AUREL BERNÀTH (Аурел Бернат) | | | |
| 1. | Зима | литографија | 42 × 54 | 1961 |
| | FERENC CZINKE (Ференц Цинке) | | | |
| 2. | Класификација на јаглен | цртеж-туш | 29 × 69 | 1961 |
| | CSABA FEJÉR (Чаба Фејер) | | | |
| 3. | На одмор | масло | 130 × 86 | 1962 |
| | GYULA FELEDY (Ѓула Феледи) | | | |
| 4. | Песна над песните VII | меш. техника | 45,5 × 43 | 1965 |
| 5. | Песна над песните VIII | меш. техника | 45,5 × 43 | 1965 |
| | ENDRE FENYÓ (Ендре Фење) | | | |
| 6. | Гроздоберач | масло | 100 × 75 | 1961 |
| | MARGIT GRABER (Маргит Грабер) | | | |
| 7. | Девојка што чита | масло | 70 × 90 | 1964 |
| | LAJOS KÁNTOR (Лајош кантор) | | | |
| 8. | Дрвја на брегот на Дунав | масло | 60 × 80 | 1961 |
| | SIMON SARKANTYU (Шимон Шар канчу) | | | |
| 9. | Градежни работници | масло | 80 × 130 | 1960 |
| | MIKLÒS SOMOS (Миклош Шомош) | | | |
| 10. | Утоварување на јаглен | масло | 110 × 100 | 1960 |
| | ZOLTAN SZABÓ (Золтан Сабо) | | | |
| 11. | Жена со послужавник | масло | 140 × 120 | 1961 |
| | ILONA TALLÓS (Илона Талош) | | | |
| 12. | Зимско пристаниште | масло | 100 × 120 | 1963 |
| | ERZÉBAT UDVARDI (Ержебет Удварди) | | | |
| 13. | Врзувач на винова лоза | масло | 140 × 110 | 1961 |
| | EMIL VEN (Емил Вен) | | | |
| 14. | Жена во зелена облека | масло | 67 × 48 | 1963 |

Издава:
МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ

Предговор:
СОЊА АБАЏИЕВА

Припрема на текст:
ЉУПКА ДАМЈАНОВСКА — кустос

Поставка на изложбата:
СТ. ПЕТРОВИЌ

Техничка опрема:
СТ. ПЕТРОВИЌ

Печатено:
ГРАФИЧКИ ЗАВОД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ — СКОПЈЕ